Друштво за проектирање, производство, трговија, туризам и услуги
ЈОРД ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0307-15
20.05 20 22 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-403/17
26-05-2022 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# РАМКОВНА СПОГОДБА

## за јавна набавка на услуги за изработка на проектна документација за потребите на Министерството за труд и социјална политика

**Склучен на ден _______________2022 година, помеѓу:**

1. **Министерството за труд и социјална политика**, со седиште на Ул. Даме Груев број 14, Скопје, претставувано од **Министер Јованка Тренчевска** во понатамошниот текст: Договорен орган/ Корисник на услугата, и

2. **Друштво за проектирање, производство, трговија, туризам и услуги ЈОРД ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**, со седиште на Бул. "Партизански одреди" бр.21-3/33 Скопје, ЕМБС 4552725 претставувано од **Управител Маја Хаџи Јорданова**, во понатамошниот текст: Носител на набавката/ Давател на услугата.

## ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

**Член 1**

Предмет на оваа Рамковна спогодба е уредување на правата и обврските помеѓу Министерство за труд и социјална политика од една страна како Договорен орган и Друштво за проектирање, производство, трговија, туризам и услуги ЈОРД ДООЕЛ експорт-импорт Скопје како Носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на оваа Спогодба за јавна набавка на услуги за изработка на проектна документација за потребите на Министерството за труд и социјална политика, согласно техничката спецификација и усвоената понуда кои се составен дел на оваа спогодба.

Спогодбата се склучува врз основа на претходно спроведена поедноставена отворена постапка со Евидентен број на оглас во ЕСЈН 02781/2022 објавен во ЕСЈН и донесена Одлука за избор на најповолен понудувач број 02-403/8 од 21.04.2022 година.

## ЦЕЛ НА СПОГОДБАТА

**Член 2**

Целта на оваа Рамковна спогодба е набавка на услуги за изработка на проектна документација за потребите на Министерството за труд и социјална политика.

**Член 3**

Проектната програма има за цел да ја дефинира содржината, структурата и изработката на комплетна проектна документација за објектите. Проектот треба да опфати изградба на нови објекти за детски градинки/објекти од социјална заштита и сите останати објекти во надлежност на Министерството за труд и социјална политика, како и реконструкција и адаптација на постоечки објекти. Капацитетот и локациите ќе бидат дополнително дефинирани.

Предвидена е изработка на проектна документација за објекти до 300 м$^2$, објекти од 301-1000 м$^2$ и објекти над 1001 м$^2$. Секој од новите објекти треба да ги задоволува стандардите и нормативите за ваков тип објекти.

Носителот на набавката има обврска да ја води постапката за добивање на одобрение за градење во целост, со аплицирање во електронскиот систем.

## ЈАЗИК НА СПОГОДБАТА

**Член 4**

Јазик на Спогодбата и на другите документи кои претставуваат составен дел на Спогодбата е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА СПОГОДБАТА

**Член 5**

Вкупната вредност (финансиска рамка) на оваа Спогодба изнесува 2.000.000,00 денари без ДДВ, односно 2.360.000,00 со вклучен ДДВ. Данокот на додадена вредност изнесува 360.000,00 денари.

Единечни цени за секоја поединечна услуга што е предмет на оваа набавка согласно понудата на Давателот на услуги се:

| Ред. бр. | Опис на услуги | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ | | | Вк.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изработка на проектна документација | | | Објекти до 300 m² | Објекти од 301 m² до 1000 m² | Објекти над 1000 m² | |
| 1 | • Идеен проект со следната содржина:<br>Фаза АРХИТЕКТУРА | m² | 1 | 164.77 | 148.29 | 123.58 | 436.64 |
| 2 | • Основен проект за изградба на објект со следната содржина:<br>1. Фаза АРХИТЕКТУРА<br>2. Фаза ГРАДЕЖНИШТВО<br>3. Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | m² | 1 | 1,083.36 | 902.11 | 749.70 | 2,735.18 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4. Фаза ЕЛЕКТРИКА | | | | | | |
| | 5. Фаза МАШИНСТВО | | | | | | |
| | 6. Елаборат за ХТЗ | | | | | | |
| | 7. Елаборат за ППЗ | | | | | | |
| | 8. Елаборат за енергетска ефикасност од лиценцирана фирма за вршење енергетска контрола | | | | | | |
| | 9. Елаборат за заштита на животна средина и здравјето на луѓето | | | | | | |
| | 10. Елаборат за геомеханика | | | | | | |
| | 11. Позитивно мислење од ИЗИИС за сеизмичка стабилност | | | | | | |
| | 12. Предмер пресметка за изведба на градежно занаетчиски работи за сите фази (фаза архитектура, фаза градежништво, фаза водовод и канализација, фаза електрика, фаза машинство) | | | | | | |
| | 13. Спецификација за опрема | | | | | | |
| | **• Основен проект за адаптација со следната содржина:** | | | | | | |
| | 1.Фаза АРХИТЕКТУРА | | | | | | |
| | 2.Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | | | | | | |
| | 3.Фаза ЕЛЕКТРИКА | | | | | | |
| | 4.Фаза МАШИНСТВО | | | | | | |
| 3 | 5.Елаборат за ХТЗ | m² | 1 | 832.09 | 667.32 | 510.79 | 2,010.19 |
| | 6.Елаборат за ППЗ | | | | | | |
| | 7. Елаборат за енергетска ефикасност од лиценцирана фирма за вршење енергетска контрола | | | | | | |
| | 8. Предмер пресметка за изведба на градежно занаетчиски работи за сите фази (фаза архитектура, фаза водовод и канализација, фаза електрика, фаза машинство) | | | | | | |
| | 9.Спецификација за опрема | | | | | | |
| | **• Основен проект за реконструкција со следната содржина:** | | | | | | |
| | 1.Фаза АРХИТЕКТУРА | | | | | | |
| | 2 Фаза ГРАДЕЖНИШТВО | | | | | | |
| | 3.Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | | | | | | |
| | 4.Фаза ЕЛЕКТРИКА | | | | | | |
| | 5.Фаза МАШИНСТВО | | | | | | |
| | 6.Елаборат за ХТЗ | | | | | | |
| 4 | 7.Елаборат за ППЗ | m² | 1 | 1,038.05 | 823.85 | 626.12 | 2,488.02 |
| | 8. Елаборат за енергетска ефикасност од лиценцирана фирма за вршење енергетска контрола | | | | | | |
| | 9.Елаборат за геомеханика | | | | | | |
| | 10.Позитивно мислење од ИЗИИС за сеизмичка стабилност | | | | | | |
| | 11.Предмер пресметка за изведба на градежно занаетчиски работи за сите фази (фаза архитектура, фаза водовод и канализација, фаза електрика, фаза машинство) | | | | | | |
| | 12.Спецификација за опрема | | | | | | |
| 5 | **• Основен проект за доградба со следната содржина:** | m² | 1 | 1,071.00 | 889.76 | 708.51 | 2,669.27 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.Фаза АРХИТЕКТУРА | | | | | | |
| | 2 Фаза ГРАДЕЖНИШТВО | | | | | | |
| | 3.Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | | | | | | |
| | 4.Фаза ЕЛЕКТРИКА | | | | | | |
| | 5.Фаза МАШИНСТВО | | | | | | |
| | 6.Елаборат за ХТЗ | | | | | | |
| | 7.Елаборат за ППЗ | | | | | | |
| | 8. Елаборат за енергетска ефикасност од лиценцирана фирма за вршење енергетска контрола | | | | | | |
| | 9.Елаборат за геомеханика | | | | | | |
| | 10.Позитивно мислење од ИЗИИС за сеизмичка стабилност | | | | | | |
| | 11.Предмер пресметка за изведба на градежно занаетчиски работи за сите фази (фаза архитектура, фаза водовод и канализација, фаза електрика, фаза машинство) | | | | | | |
| | 12.Спецификација за опрема | | | | | | |
| | **• Основен проект за надградба со следната содржина:** | | | | | | |
| | 1.Фаза АРХИТЕКТУРА | | | | | | |
| | 2 Фаза ГРАДЕЖНИШТВО | | | | | | |
| | 3.Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | | | | | | |
| | 4.Фаза ЕЛЕКТРИКА | | | | | | |
| | 5.Фаза МАШИНСТВО | | | | | | |
| | 6.Елаборат за ХТЗ | | | | | | |
| 6 | 7.Елаборат за ППЗ | m² | 1 | 1,071.00 | 889.76 | 708.51 | 2,669.27 |
| | 8. Елаборат за енергетска ефикасност од лиценцирана фирма за вршење енергетска контрола | | | | | | |
| | 9.Елаборат за геомеханика | | | | | | |
| | 10.Позитивно мислење од ИЗИИС за сеизмичка стабилност | | | | | | |
| | 11.Предмер пресметка за изведба на градежно занаетчиски работи за сите фази (фаза архитектура, фаза водовод и канализација, фаза електрика, фаза машинство) | | | | | | |
| | 12.Спецификација за опрема | | | | | | |
| 7 | **Изработка на Основен проект за изградба на објект** | | | | | | |
| 7.1 | - Фаза АРХИТЕКТУРА со Предмер пресметка | m² | 1 | 255.39 | 230.68 | 205.96 | 692.03 |
| 7.2 | - Фаза ГРАДЕЖНИШТВО со Предмер пресметка | m² | 1 | 148.29 | 123.58 | 98.86 | 370.73 |
| 7.3 | - Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА со Предмер пресметка | m² | 1 | 49.43 | 41.19 | 32.95 | 123.58 |
| 7.4 | - Фаза ЕЛЕКТРИКА со Предмер пресметка | m² | 1 | 65.91 | 57.67 | 49.43 | 173.01 |
| 7.5 | - Фаза МАШИНСТВО со Предмер пресметка | m² | 1 | 57.67 | 49.43 | 41.19 | 148.29 |
| 8 | **Изработка на Основен проект за адаптација** | | | | | | |
| 8.1 | - Фаза АРХИТЕКТУРА со Предмер пресметка | m² | 1 | 271.87 | 230.68 | 189.49 | 692.03 |
| 8.2 | - Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА со Предмер пресметка | m² | 1 | 32.95 | 28.83 | 24.72 | 86.50 |
| 8.3 | - Фаза ЕЛЕКТРИКА со Предмер пресметка | m² | 1 | 49.43 | 41.19 | 32.95 | 123.58 |
| 8.4 | - Фаза МАШИНСТВО со Предмер пресметка | m² | 1 | 41.19 | 32.95 | 24.72 | 98.86 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | **Изработка на Основен проект за реконструкција** | | | | | | |
| 9.1 | - Фаза АРХИТЕКТУРА со Предмер пресметка | m² | 1 | 321.30 | 280.11 | 238.92 | 840.33 |
| 9.2 | - Фаза ГРАДЕЖНИШТВО со Предмер пресметка | m² | 1 | 123.58 | 98.86 | 74.15 | 296.59 |
| 9.3 | - Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА со Предмер пресметка | m² | 1 | 49.43 | 41.19 | 32.95 | 123.58 |
| 9.4 | - Фаза ЕЛЕКТРИКА со Предмер пресметка | m² | 1 | 65.91 | 57.67 | 49.43 | 173.01 |
| 9.5 | Фаза МАШИНСТВО со Предмер пресметка | m² | 1 | 57.67 | 49.43 | 41.19 | 148.29 |
| 10 | **Изработка на Основен проект за доградба на објект** | | | | | | |
| 10.1 | - Фаза АРХИТЕКТУРА со Предмер пресметка | m² | 1 | 321.30 | 280.11 | 238.92 | 840.33 |
| 10.2 | - Фаза ГРАДЕЖНИШТВО со Предмер пресметка | m² | 1 | 148.29 | 123.58 | 98.86 | 370.73 |
| 10.3 | - Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА со Предмер пресметка | m² | 1 | 49.43 | 41.19 | 32.95 | 123.58 |
| 10.4 | - Фаза ЕЛЕКТРИКА со Предмер пресметка | m² | 1 | 65.91 | 57.67 | 49.43 | 173.01 |
| 10.5 | Фаза МАШИНСТВО со Предмер пресметка | m² | 1 | 57.67 | 49.43 | 41.19 | 148.29 |
| 11 | **Изработка на Основен проект за надградба на објект** | | | | | | |
| 11.1 | - Фаза АРХИТЕКТУРА со Предмер пресметка | m² | 1 | 321.30 | 280.11 | 238.92 | 840.33 |
| 11.2 | - Фаза ГРАДЕЖНИШТВО со Предмер пресметка | m² | 1 | 148.29 | 123.58 | 98.86 | 370.73 |
| 11.3 | - Фаза ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА со Предмер пресметка | m² | 1 | 49.43 | 41.19 | 32.95 | 123.58 |
| 11.4 | - Фаза ЕЛЕКТРИКА со Предмер пресметка | m² | 1 | 65.91 | 57.67 | 49.43 | 173.01 |
| 11.5 | Фаза МАШИНСТВО со Предмер пресметка | m² | 1 | 57.67 | 49.43 | 41.19 | 148.29 |
| 12 | **• Проект на изведена состојба** | m² | 1 | 247.15 | 197.72 | 148.29 | 593.17 |
| 13 | **• Проект за хортикултурно и партерно уредување** | m² | 1 | 49.43 | 41.19 | 32.95 | 123.58 |
| 14 | **• Проект за подготвителни работи** | m² | 1 | 49.43 | 41.19 | 32.95 | 123.58 |
| 15 | **• Проект за рушење** | m² | 1 | 74.15 | 65.91 | 57.67 | 197.72 |
| 16 | **• Проект за внатрешно уредување на објект со сите потребни фази** | m² | 1 | 411.92 | 296.59 | 197.72 | 906.23 |
| 17 | **• Проект за реконструкција на фасада** | m² | 1 | 164.77 | 148.29 | 131.82 | 444.88 |
| | | | | | ВКУПНО БЕЗ ДДВ | | 22,800.00 |
| | | | | | ДДВ 18% | | 4,104.00 |

## ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 6

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 10% од вкупната вредност на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 7 (седум) дена од потпишувањето на поединечниот договор и е предуслов за полноважноста на договорот склучен врз основа на рамковната спогодба. Во спротивно поединечниот договор ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство, а воедно ќе биде објавена негативна референца во ЕСЈН.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од поединечниот договор склучен врз основа на рамковната спогодба во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПОГОДБАТА

**Член 7**

Спогодбата ќе се реализира до искористување на финансиската рамка предвидена во член 5 на оваа спогодба, но не подолго од 2 (две) години односно 24 (дваесетичетири) месеци.

Рамковната спогодба се склучува со еден економски оператор за реализација на предметната набавка, а поединечните договори ќе се доделуваат во согласност со условите од рамковната спогодба.

Спогодбата ќе се реализира сукцесивно, спрема потребите на Договорниот орган од овој вид на услуги, со доделување на поединечни договори за јавна набавка, без повторно прибирање на понуди од економскиот оператор кој е страна во Рамковната спогодба.

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

Начинот на плаќање е во рок до 60 дена по приемот на фактурата со прилог писмена нарачка за извршена услуга – предмет на договорот во Архивата на Министерството за труд и социјална политика на ул. Даме Груев бр.14, Скопје.

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- опис на извршена услуга
- пресметка по единечни цени и вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ (ако има);
- валута на плаќање.

Некомплетно доставена ф-ра од страна на носителот на набавката / давателот на услугата, договорниот орган/корисник на услугата ќе ја врати со писмено известување во кое ќе биде образложена причината за враќањето и рокот во кој носителот на набавката е должен да ги исправи недостатоците или грешките. Доколку носителот на набавката не достави ф-ра согласно насоките и не ги исправи недостатоците или грешките, рокот за плаќање ќе започне да тече од денот на постапувањето по укажувањето и приемот во архивата на изготвена ф-ра согласно овој член.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СПОГОДБАТА

**Член 10**

Спогодбата е со важност до искористување на финансиската рамка предвидена во член 5 на оваа спогодба, но не подолго од 24 (дванаесетичетири) месеци.

## РОК И МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 11**

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата предмет на рамковната спогодба во рок кој ќе биде утврден во проектната програма во зависност од видот и обемот на проектната документација, од денот на приемот на нарачката од страна на одговорно/и лице/, доставена врз основа на склучен поединечен договор.

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го изврши според поединечен проект кој ќе биде нарачан од договорниот орган и за кој дополнително ќе биде изготвена проектна задача со разумен рок за доставување на проектно- техничката документација.

Носителот на набавката има обврска услугите да ги извршува навремено и тоа по доставеното барање/ нарачка од договорниот орган за изготвување на проект, со објективен рок кој ќе зависи од видот и сложеноста на проектната документација и времето потребно за изготвување како и други потребни информации кои договорниот орган ќе му ги обезбеди на извршителот на услугите. Рокот за извршување на услугите ќе биде утврден во нарачката и истиот ќе биде определен од минимум 3 недели до максимум 5 месеци во зависност од потребите. Рокот за извршување на услугите се смета од денот на прием на нарачката од страна на одговорното/ите лице/а за следење на реализација на договорот за доделување на јавна набавка кај Договорниот орган.

Носителот на набавката има обврска да ја води постапката за добивање на одобрение за градење во целост со аплицирање во електронскиот систем.

Изработката на техничката документација треба да биде во согласност со позитивните прописи на Република Северна Македонија, кои ги регулираат таквиот вид на услуги/ проектирање на ваков вид на објекти, важечките техннички стандарди како и согласно барањата и потребите на набавувачот на услугите предвидени со техничката спецификација.

Носителот на набавката потребно е да обезбеди техничка документација во која треба да бидат содржани сите неопходни прилози во согласност со важечките закони, правилници, стандарди и нормативи за проектирање на ваков вид на објекти. Исто така, техничката документација треба да ги има и соодветните прилози за добивање одобрение за градење и за изведба на објектот како и сите услови кои произлегуваат од техничката спецификација.

Проектно-техничката документација треба да биде изработена во 3 (три) еднообразни заверени хартиени примероци и 3 (три) отклучени примероци во електронска форма на медиум CD/DVD согласно Правилникот за содржина на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи (Службен весник на РМ, бр.24/2011).

Носителот на набавката е должен услугите предмет на оваа спогодба да ги реализира согласно условите утврдени во тендерската документација.

Носителот на набавката е должен да ја достави проектно-техничката документација до одделение за инвестициони работи во МТСП.

Во одредени случаи можно е да биде побарана изработка на проект само за одредена фаза од основниот проект, што ќе подразбира и соодветна заверка на проектот и изработка на предмер пресметка за бараната фаза.

## РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

### Член 12

Договорните страни се согласни дека размената на информации ќе се води исклучиво помеѓу овластените лица на двете договорни страни.

Во случај на промени на овластените лица за комуникација, договорните страни со документ составен во писмена форма ќе именуваат нови овластени лица за комуникација.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 13

Носителот на набвката се обврзува дека стучно, професионално и квалитетно ќе го извршува предметот на оваа спогодба.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги исполни сите услови согласно доставената понуда.

Носителот на набавката има обврска услугите да ги извршува по доставеното барање (нарачка) за изготвување на проект,доставено врз основа на склучен поединечен договор, со објективен рок кој ќе зависи од видот и сложеноста на проектната документација земајќи го во предвид времето потребно за изготвување. Рокот за извршување на услугите ќе биде утврден во нарачката и истиот ќе биде определен од минимум 3 недели до максимум 5 месеци во зависност од потребите.

Рокот за извршување на услугите се смета од денот на прием на нарачката од страна на одговорното/ите лице/а за следење на реализација на поединечниот договор за доделување на јавна набавка кај Договорниот орган.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 14**

Договорниот орган се обврзува дека ќе изврши исплата на цената за извршената услуга на начин утврден во член 7 и член 8 од оваа рамковна спогодба.

Лица задолжени за реализација на предметот на рамковната спогодба кај Договорниот орган се Елена Александрова, Елена Стојановска и Елена Митровска-Јовческа.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ДОГОВОРИ

**Член 15**

Договорните страни се согласни дека носителот на набавката ќе му плати на договорниот орган определен паричен износ (договорна казна) ако задоцни со нејзиното исполнување или ако не ја исполни својата обврска од поединечниот договор склучен врз основа на оваа рамковна спогодба.

**Член 16**

Договорната казна изнесува 0,05% од вкупната договорена цена на услугите за секој ден задоцнување, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на услугата.

**Член 17**

Ако Носителот на набавката се откаже од склучување на спогодбата или ако дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, Договорниот орган може да склучи спогодба со следниот рангиран понудувач, ако цената, односно маржата не е повисока од 5 % во однос на првично избраната понуда.

## XII. ИЗМЕНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА

**Член 18**

Оваа спогодба во текот на нејзината важност може да се измени по договор на двете страни а согласно член 119 од Законот за јавните набавки.

## XII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА

**Член 19**

Договорниот орган може да ја раскине оваа Спогодба врз основа на член 120 од Закон за јавни набавки ( Службен Весник на РМ бр.24/19 )

**Член 20**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да ја раскине спогодбата, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 21**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски ја раскинува спогодбата, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 22**

Со раскинувањето на спогодбата двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

**Член 23**

Ако по склучувањето на рамковната спогодба настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на спогодбата, во таа мера што е очигледно дека спогодбата повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила каква што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на спогодбата може да бара истата да се раскине.

Раскинување на спогодбата не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на

склучувањето на спогодбата да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

## XIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 24**

Рамковната спогодба стапува на сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

**Член 25**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од оваа Спогодба само врз основа на член 119 од Закон за јавни набавки ( Службен Весник на РМ бр.24/19 ).

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на оваа спогодба се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 26**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 27**

Оваа спогодба е составена во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Договорен орган,
Министер,
Јованка Тренчевска

Носител на набавката,
Управител
Маја Хаџи Јорданова

Изработил: Маја Додевска Пешевска, Советник
Согласен: Славица Костовска, Раководител на сектор
Контролирал: Љубица Панова, Раководител на сектор